Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**
**ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО ДРЖАВНИОТ САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА 2023 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 13-2562/1 | асс. м-р сци д-р Рената Младеновска |
| Датум: | 30.12.2022 | Директор |
| Место: | Скопје (м.п.) | |

## 1. Дефинирање на поимите употребени во Годишниот план за проценка на ризици од корупција

- *Службено лице* – сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор
- *Корист* – остварување на секој вид материјална или нематеријална корист, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.
- *Ризик од корупција* – кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивиот на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот
- *Интегритет* – означува законско, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на активности, со кои службените лица го штитат својот углед и угледот на институцијата за која се одговорни, т.е. во која се вработени, ги отстрануваат ризиците и сомневањата за можна појава на корупција, со што обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции
- *Корупција* – злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.
- *Пасивна корупција* – намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.
- *Активна корупција* – намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.
- *Судир на интереси* – состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

## 2. Вовед

Годишниот план за проценка на ризици од корупција во Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2023 година (во понатамошниот текст: „Годишен план"), е изготвен согласно Заклучокот број 41-17/55, донесен на Педесет и петтата седница на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2022 година, а произлегува од Извештајот на ГРЕКО (петти круг на евалуација), Препорака II, која гласи:

*ГРЕКО препорача (i) систематски да се спроведува проценка на ризик на интегритетот кај централната власт што ќе ги опфаќа сите функционери и лични советници и надворешни соработници, како што е соодветно; (ii) да се воведат соодветни корективни мерки и да се обезбедат соодветни ресурси на единиците за внатрешна контрола и на органите одговорни за методолошки совети во оваа област; и (iii) редовно да се евалуира влијанието и ефектите од мерките за интегритет во централната власт (на пример, изјави за интереси и имот) и да се објават резултатите.*

Во продолжение во Извештајот се наведува:

*Властите информираат, во врска со првиот дел од препораката, дека во јули 2020 година, Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) основа Работна група која е одговорна за развој на „Систем за интегритет за централната власт и единиците на локалната самоуправа", во соработка со ОБСЕ и ИПА II - Проект за транспарентност и одговорност. Групата се состана во октомври и декември 2020 година. Нејзината цел е да подготви и да имплементира алатки за зајакнување на интегритетот како што се: проценки на ризикот од корупција на институционално и секторско ниво, програми за обука за интегритет, управување со судир на интереси, мерки за свесност за заштита на укажувачи, следење на обврските за интегритет на централно и локално ниво. Властите исто така споменуваат дека на 1 март 2020 година, Кабинетот на Заменик-Премиерот одговорен за борба против корупцијата усвои „Тест за интегритет" за советници во централната власт. Сите вакви советници веќе го полагаа и го положија овој задолжителен тест. Покрај тоа, оние советници кои имаат пристап до државни тајни, подлежат на безбедносно одобрување од Службата за безбедност на Министерството за внатрешни работи*

Во врска со вториот дел од препораката, властите наведуваат дека:

*- буџетот на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) се зголемил од 2018 година (за 25% во 2019 година, 55,04% во 2020 година и 61,43% во 2021 година);*

*- персоналот на ДКСК се зголемил (6 нови работни места беа воспоставени во 2019 година и 8 во 2021 година);*

*- единиците за внатрешна ревизија низ централната власт се зголемија од 90 во 2019 година на 91 во 2020 година и бројот на внатрешни ревизори порасна од 133 во 2019 година на 137 во 2020 година.*

*Во однос на третиот дел од препораката, даден е следниот преглед на активностите на ДКСК во периодот помеѓу јануари и декември 2020 година:*

*- Одделот за спречување судир на интереси и лобирање работеше на три предмети кои се однесуваат на министри, еден предмет кој се однесува на Премиерот, еден предмет*

*кој се однесува на Заменик-Премиер и два предмети кои се однесуваат на советници во централната власт. Беше примено едно барање за мислење во врска со Премиерот и едно во врска со министер. Започнати се предмети во врска со постоење судир на интереси или неподнесување на изјава за имот во однос на четири министри, еден Заменик генерален секретар на Владата и еден советник во централната власт. Во рамките на последната наведена постапка беа издадени прекршочни налози на тројца министри и еден Заменик-Премиер;*

*- Одделот за следење на имотната состојба и интересите работеше на единаесет случаи во врска со исполнувањето на обврската на замениците министри/министрите за пријавување на имотната состојба.*

На крајот во Извешајот ГРЕКО заклучува:

*ГРЕКО ги забележува дадените информации.* ***Во однос на првиот и третиот дел од препораката, информациите не одразуваат дека се извршени какви било проценки на ризик за интегритетот или редовни проценки на влијанието и ефектите од мерките за интегритет во централната власт, како што се бара. Оттука, овие делови од препораката не се имплементирани.*** *Во однос на вториот дел од препораката, се чини дека ресурсите на 5 ДКСК, како едно од двете тела наведени во Извештајот за евалуација (став 46), се зголемени. Во рамките на капацитетите на Министерството за финансии, другиот наведен субјект, тие не се зајакнати за справување со повеќе предизвици кои се идентификувани во став 46 од Извештајот за евалуација. Направени се одредени позитивни чекори во вистинската насока, но тие остануваат релативно мали.*

*ГРЕКО заклучува дека препораката ii е делумно имплементирана.*

Корупција претставува најголема закана за владеењето на правото, демократијата и човековите права, чесноста и социјалната правда. Таа е инхерентна и неизбежна појава во сите општества низ целата човекова историја, а нејзини најчести форми се: злоупотреба на службена должност, поткуп, тргување со влијание, користење на службени добра за лични потреби, судир на интереси, изнуда, непотизам, кронизам, само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма и др. Со своето негативно влијание надира во сите пори на општествениот живот, а последиците од неа особено се одразуваат врз економскиот развој на земјата. Корупцијата ги намалува приходите од даноците, ги зголемува трошоците за јавните услуги, ја искривува распределбата на ресурсите во приватниот сектор. Корупцијата во секое општество врши ерозија на институционалните капацитети на Владата, го поткопува легитимитет на државните институции, со што се намалуваат демократските вредности - довербата и толеранцијата.

Поради сето ова од огромно значење и важност во борбата против корупцијата е и реализацијата на сите иницијативи донесени од Владата на РСМ, во правец на сузбивање на корупцијата. Во насока на реализација на овој документ е и задолжувањето на ДСЗИ заедно со сите други органи на државната управа, акционерските друштва, јавните претпријатија и останатите институции, за изготвување на годишни планови за проценка на ризици од корупција.

За да можат институциите ефективно да се справуваат со корупцијата, потребно е да се направи детална анализа за ризичните области за појава на корупција и потребно е да се идентификуваат причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата во

делокругот на работењето на таа институција. Проценката на ризик - вклучува утврдување и нивно дефинирање како и евалуација на влијанието и последователните дејствија. Управување со ризик - опфаќа активности кои се вклучени во планирањето, мониторингот и контролирањето на активностите, со што ќе се утврдат проблемите и слабостите и ќе ја зголемат веројатноста институцијата да ги постигне своите цели. Проценката на ризикот од корупција и управувањето се меѓусебно поврзани и се спроведуваат постојано.

Изработката на Годишниот план за проценка на ризици од корупција е обемна, комплексна и одговорна работа. Тој претставува моќна превентивна алатка во борба против корупција и треба да ја измени перцепцијата за борбата против корупцијата. Потребно е зголемување на свеста за принципите и бенефитите од спроведувањето на планот за спречување на корупција. Вработените во ДСЗИ треба да ги разберат специфичните цели и очекуваните резултати од спроведувањето на Планот, а како општа цел за 2023 година се поставува „НУЛТА" корупција во Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

## 3. За институцијата

### 3.1 Визија

Подобрена санитарно-хигиенска, епидемиолошка, здравствена заштита на населението, остварени права од здравствено осигурување на здравствените осигуреници, намален број на заразни болести, подобрена евиденција во областа на здравството, ефикасен и одржлив здравствен систем во Република Северна Македонија, со високо ниво на здравје и здравствена култура кај населението и професионалниот кадар.

### 3.2 Мисија

Основна мисија на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, е да организира, следи и врши инспекциски надзор над спроведување на законите и другите прописи од областа на санитарно-хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, здравственото осигурување, евиденциите во областа на здравството, заштита на правата на пациентите, безбедност во снабдувањето со крв, биомедицинското потпомогнато оплодување, безбедност на детски играчки, козметички средства и предметите за општа употреба, како и надзор над спроведување на мерките за спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести, со цел заштита на населението од заразни болести.

### 3.3 Надлежности на ДСЗИ

Државниот санитарен и здравствен инспекторат е орган на државната управа во состав на Министерството за здравство со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како корисник од прва линија.

Инспекцискиот надзор што го спроведува ДСЗИ, ги опфаќа просторот, објектите, просториите, уредите и опремата, дејностите и лицата кои вршат здравствена дејност, како и лицата кои на било кој начин можат штетно да влијаат врз здравјето на населението.

Во оваа смисла, ДСЗИ има надлежност да врши инспекциски надзор, особено над:

Спроведување на општи и посебни мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести и на инфекциите, а по епидемиолошка индикација – кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;

Исполнување на условите за вршење на дејност согласно со посебни прописи во објекти од надлежност на Инспекторатот;

Дава согласности и мислења во постапка за издавање на одобренија за градба, за изградба на градби за примарна секундарна и терцијална здравствена заштита како и други согласности и мислења на барање од надлежен орган утврдени со закон или друг пропис;

Остварувањето на правата од здравствената заштита;

Остварување на правата од здравственото осигурување;

Производство и промет на опојни дроги, отрови и прекурзори распоредени согласно со прописите во групата на отрови;

Спроведување на мерките за заштита од штетни материи и влијанија врз здравјето на луѓето;

Санитарно-хигиенските услови во објектите, просторот, просториите, уредите и опремата на лицата кои вршат здравствена дејнсот и дејности во областа на образованието, културата, социјаланта заштита, спортот и рекреацијата, јавниот превоз, угостителството, туризмот, трговијата и други стопански гранки;

Лицата кои на работните места со својата здравствена состојба можат да го загрозат здравјето на населението, а по епидемиолошки индикации – кога постои опасност од причинител на инфекција на заразни болести и во објектите за производство и промет на храна;

Ексхумацијата и преносот на умрените лица на територија на Република Северна Македонија и преку нејзините граници;

Лицата, стоките и превозните средства на граничните премини, а во врска со заштитата на здравјето на населението од внесувањето и ширењето на заразните болести, како и над увозот на предметите за општа употреба, козметичките производи и опасните материи

Безбедност на предметите за општа употреба при производство и промет и тоа: детски играчки, козметички производи, суспстанции за производство и амбалажата за тие производи и определени предмети што при употреба доаѓаат во непосреден допир со кожа и слузница;

Инфраструктурните и другите објекти во случај на кризни состојби и други вонредни услови;

Создавањето, селектирањето, пакувањето и одлагањето на медицинскиот отпад;

Заштитата од штетните влијанија на пушењето на тутун и другите производи од тутун;

Вршењето на здравствена дејност во согласност со одобрение донесено од надлежен орган;

Вршење на дополнителна дејност во согласност со потпишаните договори;
Придржувањето кон исполнување на бараните услови во текот на работењето во поглед на просторот, опремата и кадарот за вршење на определени здравствени дејности;
Распоредот, почетокот и завршувањето на работното време во здравствените установи;
Извршувањето и содржината на систематските и превентивните здравствени прегледи;
Евиденциите во областа на здравството;
Општите акти на здравствените установи;
Надзор над спроведувањето на прописите во однос на безбедност на крв;
Надзор над спроведувањето на прописите во однос на прекин на бременост;
Надзор над спроведувањето на прописите во однос на континуирана медицинска едукација;
Надзор над спроведувањето на прописите во однос на јавното здравје;
Надзор над спроведувањето на прописите во однос на менталното здравје;
Надзор над спровесувањето на прописите во однос на заштита на права на пациенти.

## 3.4 Законска рамка по која постапува ДСЗИ

*Во Табелата подолу е законската рамка по која постапува ДСЗИ:*

| Ред.бр. | Име на законот |
|---|---|
| 1/53 | **Закон за здравствена заштита**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21 и 122/21) |
| 2/143 | **Закон за санитарната и здравствената инспекција**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15, 150/15, 37/16 и 83/18) |
| 3/46 | **Закон за заштита на населението од заразни болести**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 257/20) |
| 4/48 | **Закон за земање и пресадување на делови од чов. тело заради лекување**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 27/14, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15 и 37/16) |
| 5/50 | **Закон за прекинување на бременоста**<br>(„Службен весник на РМ" бр. 101/19) |
| 6/52 | **Закон за евиденциите во областа на здравството**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09, 53/11, 164/13 и 150/15) |
| 7/45 | **Закон за безбедност во снабдувањето со крв**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 164/13, 144/14 и 150/15) |
| 8/130 | **Закон за инспекциски надзор**<br>(„Службен весник на Република Северна Македонија") бр. 102/19 |
| 9/151 | **Закон за здравственото осигурување**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, |

| Ред.бр. | Име на законот |
|---|---|
| | 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 77/21) |
| 10/157 | **Закон за заштита од пушењето**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18) |
| 11/173 | **Закон за водите**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21) |
| 12/154 | **Закон за управување со отпадот**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20) |
| 13/160 | **Закон за заштита на потрошувачите**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 38/04, 77/07, 103/08, 24/11, 164/13, 97/15, 152/15 и 140/18) |
| 14/158 | **Закон за безбедност на производите** 302/2020 |
| 15/54 | **Закон за здр. исправност на жив.намирници и предметите за општа употреба**<br>(„Службен лист на СФРЈ" бр. 53/91 и "Службен весник на Република Македонија" бр. 15/95) |
| 16/43 | **Закон за ментално здравје**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 71/06 и 150/15) |
| 17/51 | **Закон за безбедност на козметичките производи**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 55/07, 47/11 и 150/15) |
| 18/64 | **Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 21/21) |
| 19/42 | **Закон за јавно здравје**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16) |
| 20/49 | **Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 37/08, 164/13, 149/14, 192/15 и 37/16) |
| 21/168 | **Закон за гробишта и погребални услуги**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 37/08, 164/13, 149/14, 192/15 и 37/16) |
| 22/47 | **Закон за заштита на правата на пациентите**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 82/08, 12/09, 53/11, 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 190/19 и 122/21) |
| 23/ | **Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17) |
| 24/21 | **Закон за безбедност и здравје при работа**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 18/20) |
| 25/55 | **Закон за континуирано стручно усовршување на докторите на медицина**<br>(„Службен весник на Република Македонија" бр. 16/13, 39/14, 144/14, 150/15 и 132/17) |

| Ред.бр. | Име на законот |
|---|---|
| 26/ | **Закон за постапување по преставки и предлози** („Службен весник на Република Македонија„ бр. 82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) |
| 27/127 | **Закон за општа управна постапка** („Службен весник на РМ" бр. 124/15 и 65/18) |
| 28/ | **Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 18/20) |
| 29 | **Закон за прекршоците** („Службен весник на РМ" бр.96/19) |
| 30 | **Закон за безбедност на производите (*)** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20 |

### 3.5 Вредност на инспекциската служба

Законите и нивното ефективно спроведување помагаат да се заштити јавниот интерес. Законите се одраз на државната политика. Сепак ефективноста и правичноста при нивното спроведување не само што служат во регулирањето на државната политика во битните области, туку исто така градат доверба и сигурност кај граѓаните за владеењето на правото и осигуруваат еднакви услови за натпревар меѓу правните субјекти.
Раководството и вработените во Државниот санитарен и здравствен инспекторат при извршувањето на своите надлежности се водат од веќе воспоставените начела за инспекцискиот надзор и од Кодексот за административните службеници, со главна заложба за ефикасно и ефективно контролирање на почитувањето и спроведувањето на законската регулатива која е во надлежност на Инспекторатот.
Сето ова се темели на неколку широко прифатени вредности, вклучувајќи ги:
Здрава популација;
Сигурност;
Партнерство;
Учество на јавноста;
Транспарентност;
Непристрасност;
Објективност;
Законитост;
Општествена одговорност.

## 4. Активности за реализација на планот

При изготвување на Планот, поради тоа што во меѓувреме не се дадени нови насоки, генерално се придржувавме кон насоките од Владата на РСМ за програмските активности согласно Планот за борба против корупција усвоен на Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2021 година. Програмските активности кои треба да бидат опфатени се утврдени во следниве 10 точки:

1, Изготвување на анализа за ризичните области во рамките на работењето на државните органи и детектираните недостатоци во законите;

2. Идентификување на причините, условите и факторите кои овозможуваат корупција;

3. Воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области;

4. Јакнење на капацитетите на институцијата со особен акцент на јакнење на интегритетот на вработените;

5. Навремено постапување во врска со остварување на потребните услуги кон правните и физичките лица;

6. Почитување на законските прописи, Кодексот на етичко однесување на членовите нс Владата на Република Северна Македонија, како и Кодексот за административни службеници;

7. Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција;

8. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка и соработката во борба против корупција преку Платформата Интероперабилност;

10. Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето на министерствата и органите на државната управа.

Овие активности во Планот се прилагодени според потребите на ДСЗИ за истите да бидат релевантни согласно надлежностите и делокругот на работењето. Со нивно реализирање ќе се овозможи идентификување на причините, условите и факторите на појава на корупција и ќе се олесни воспоставување на систем на мерки за справување со корупцијата. Главниот товар во борбата против корупцијата во ДСЗИ треба да го понесе раководната структура на институцијата. За реализација на овој предизвик потребно е голема посветеност на раководството во промовирањето на висок степен на интегритет и нулта толеранција за корупција. Нормално дека покрај раководната структура, обврска на сите вработени во ДСЗИ е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно законите и другите подзаконски акти. Потребно е секој вработен да го почитува Кодексот за административни службеници, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата. Никој не смее да биде исклучок при утврдување на одговорноста за коруптивно однесување, како што никој нема мандат да го попречува, ограничува или на кој било начин да го оневозможува процесот на утврдување одговорноста. Репресивниот пристап и јасната порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана, претставуваат висок приоритет на ДСЗИ за наредниот период, со цел превенција и спречување на било какво коруптивно однесување на вработените во оваа институција. Во рамки на превенцијата фокусот ќе биде насочен кон елиминирање на слабите точки кои создаваат можности за извршување на коруптивни дела. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработката меѓу институциите во земјата и на меѓународен план.

## 4.1 Анализа на ризични области за корупција во делокругот на работењето на ДСЗИ

Ризичните области за корупција во рамките на делокругот на работењето на ДСЗИ произлегуваат пред сè од специфичностите на надлежностите на Инспекторатот, регулирани со Законот за санитарна и здравствена инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15, 150/15, 37/16 и 83/18) и Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија") бр. 102/19. Специфичноста во однос на другите органи се состои во вршење надзор на терен, на сите видови на здравствени установи во обезбедување на квалитетна здравствена заштита, здравствено осигурување, правата на пациентите, евиденциите во областа на здравството и спроведување на превентивните санитарно - хигиенски, противепидемиски и здравствени мерки согласно материјалните закони, кои се во надлежност на Инспекторатот. Покрај ова, друга специфика е издавање на согласност за увоз на детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба, како и нивен надзор во производството и во прометот.

Со оваа анализа потребно е детално да се идентификуваат категориите на работни места со најголем ризик од корупција. Од тие причини, потребно е раководителите на секоја организациона единица да извршат проценка на ризикот од корупција на секое работно место, поради тоа што некои работни места во одредени сектори на ДСЗИ се повеќе подложни на корупција од останатите. Јасно е дека секој аспект од работењето на вработените може да биде подложен на коруптивно однесување, но сепак како најризични сектори во ДСЗИ, можат да се посочат Секторот за инспекциски надзор и Секторот за надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба.

Ризикот од коруптивно однесување во ДСЗИ би можел да се манифестира како:

- постапување или непостапување на инспекторите како и на другите вработени при извршување на службените задачи за што како возврат самите бараат или прифаќаат некаква понудена корист, погодност или интерес за себе или за друг,

- непочитување на стандардните постапки и процедури при работењето,

- злоупотреба на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг,

- злоупотреба на службените возила или картичките за полнење гориво за приватни цели,

- прифаќање на подароци и услуги,

- свесно губење, подметнување или прикривање на докази,

- наплата на услуги кои согласно законот се бесплатни или наплата на сума повисока од таа што е законски предвидена,

- наплата на услугата за добивање на согласност со нецелосна документација или за добивање на согласност преку ред,

- нудење на услуги за кои Инспекторатот нема законски компетенции, како што е примерот со издавањето на дозволи за професионалните возачи на товарни возила (во периодот од 19.03.2020 година до 29.06.2020 година, беа издадени 13.627 дозволи, што секако не кореспондира со реалната бројка на професионални возачи на товарни возила во РСМ и остава место за сомнеж за коруптивно однесување на лицето кое го реализираше нудењето на оваа посебна услуга), потоа незаконско нудење на услуги во име на институции со слични надлежности, пред се Фитосанитарната управа, и фитосанитарните инспектори од Државниот инспекторат за земјоделство, Агенцијата за храна и ветеринарство, Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија (МАЛМЕД) и сл,

- вработување и унапредување спротивно на закон и/или барање на матерјална или друга нематеријална корист за реализирање на постапката за вработување,

- непочитување на законските одредби и стандардните постапки во процедурата за јавни набавки и др.

## 4.2 Причини, услови и фактори кои ја овозможуваат корупцијата

Причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата може да бидат од разна природа. Под фактор на ризик од корупција, се подразбира сѐ што може да овозможи појава на корупција, односно сѐ што може да поттикне вршење и толерирање на корупција. Најчестата поделба на фактори на ризик на корупција ги опфаќа следниве 4 групи:

- Надворешни фактори;
- Знатрешни фактори;
- Човечки фактори; и
- Факторите поврзани со оперативниот процес.

Надворешните или поинаку кажано и системски фактори се манифестираат како: политичка волја и политичко влијание како детерминанта за многу процеси во општеството, отсуство или нејасна, неконзистентна и нецелосна правна рамка за борба против корупцијата и судирот на интереси, недоволно прецизно дефинирани улоги и односи помеѓу водечките јавни институции во борбата против корупцијата и судирот на интереси, отсуство или нејасна и нецелосна регулатива во дадена област/сектор или пак, мноштво на закони во определена област/сектор кои се неконзистентни, често менување на законската регулатива, нејасен мандат на институциите кои имаат улога во креирањето и имплементирањето на политиките во дадена област/сектор (преклопување на надлежности или празнини, односно недефинирана надлежност), некоординираност на институциите во извршување на јавните функции, неефикасен надзор врз работата на

јавните институции, неефикасно спроведување на законите, бавност/неефикасност и неефективност на судските постапки, непостоечки или некомпетентни институции за надзор и/или супервизија, нетранспарентни процеси на планирањето и трошењето на јавните финансии, ниска свест за методите и начините за борба против корупцијата во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, недоволна вклученост на граѓаните/граѓанскиот сектор во процесите на креирање и имплементација на законската регулатива и политиките во дадена област, непостоење/непримена на етички кодекси и развиена култура на неказнивост/слаба казнивост за корупциско однесување кај јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Внатрешниот односно институционалниот или организацискиот фактор се манифестира пак преку: несоодветни или непостоечки политики, процедури и системи за определена област или неприменување на постојните политики, процедури и системи, неспроведување на надлежностите на институциите (нефункционирање на институциите) кои имаат клучна улога во дадена област, недоволно развиени внатрешни процедури за оптимализација на процесот на работа во јавните институции во дадена област, недоволно човечки ресурси (по број) за извршување на надлежностите во институциите важни за идентификување и соодветно адресирање на коруптивното однесување во дадена област, несоодветни човечки ресурси или отсуство на компетенции за вршење на функциите на јавните институции, како и за идентификување и соодветно адресирање на коруптивното однесување во дадена област, несоодветно управување со институциите важни за определена област, кое не е засновано на валоризирање на компетенции, стручност, ефективност и ефикасност при вршење на задачите, пракса на целосна неказнивост или индицентна казнивост за лошо завршена или незавршена работа, непостоење или непримена на механизми за проценка на ризиците од коруптивно однесување во институциите, непостоење или непримена на стандарди за работа и етички кодекси по сектори или институции, несоодветни услови за работа на клучните институции во определена област (просторни, материјални, финансиски, кадровски ограничувања).

Човечки фактори од ризикот од корупција или поинаку кажано и индивидуални фактори се манифестираат пред сè како недостаток на интегритет, потоа недостаток на знаење (некомпетентност), недостаток на практични вештини (искуство), притисоци на работа, подложност на политичко/партиско влијание, несоодветен надзор врз работата на конкретно лице/работна задача, несоодветно однесување со клиентите, практикување на судир на интереси, чувство на незадоволство или перцепција на нефер пракса на работа, недоволна мотивираност од работата, социјален статус, култура на однесување и практикување на одговорноста.

Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес во дадена област/сектор се манифестираат како: висока автономија или дискрециони права за одлучување во дадена област, недоволно прецизно законско дефинирање на работен процес во дадена област кое дава простор за поттикнување на корупција, нетранспарентно или неевидентирано (во писмена форма) одлучување, непостоење на соодветен систем за управување со документација, непримена на законските процедури при оперативниот процес во дадена област, недостаток на хоризонтални и вертикални контроли при извршување на работата во дадена област, непостоење или непримена на мапа на

процедури во институциите и нејасно определување на одговорноста кај вршителите на задачите што се дел од работниот процес.

Пример за надворешните/системските фактори на ризик од корупција во работењето на ДСЗИ е моменталната поставеност на законската регулатива, имено и Законот за инспекциски надзор и Законот за санитарната и здравстената инспекција оставаат можност за одолговлекување на инспекциските постапки со што како последица истите иницираат можност за коруптивно однесување. Имено, во двата наведени закони дадена е можност да се изрече како инспекциска мерка решение за опомена и решение за наредба, без при тоа да се цени тежината на утврдената неправилност и сторениот прекршок, што исто така создава можност за коруптивно однесување. Друг пример имаме исто така во Законот за инспекциски надзор, каде во – *глава XII. Посебни дејствија во инспекциската постапка* – со членовите 86, 87, 88, 89 и 90, е регулирана постапката со која инспекторот при инспекцискиот надзор може да земе примерок со цел да се утврди дали производите во производството или во продажбата одговараат на пропишаниот состав, односно квалитет. На овој начин се врши контрола на здравствената исправност на производите. Во член 32 од Законот за инспекциски надзор предвидено е секоја инспекциска служба да изврши проценка на ризик - процес на анализа, управување и известување за ризикот од неусогласеноста на работењето на субјектот на надзор, со прописите од соодветната област, но изборот на правниот субјект кој произведува, врши увоз или промет на производи и примерокот кој се зема за анализа, го врши инспекторот. Тоа остава можност за субјективен пристап во постапката за мострирање и можност за коруптивно однесување на инспекторот. Трет пример од аспект на практичната работа на Инспекторатот се честите барања кои пристигнуватаат до ДСЗИ за добивање на решенија за исполнети санитарно-хигиенски или санитарно-здравствени услови од страна на приватни училишта, простории за едукација на возрасни, магацински простории за чување на козметички производи и предмети за општа употреба и друго. Недонесувањето на Правилник за општи минимални санитарно-хигиенски услови во објекти во кои ќе се врши дејност, за која во постапкате за добивање на дозвола или решение за работа им е потребно решението од ДСЗИ, создава услови за коруптивно дејствување на инспекторите, а оваа состојба би можела многу лесно да се промени со измени и дополнувања во Законот за санитарната и здравствената инспекција со кои ќе се постави основ за носење на овој Правилник.

Ризикот од корупција готово никогаш не е производ на само еден фактор, туку е резултат на меѓусебно дејство од повеќе фактори. Во Државниот санитарен и здравствен инспекторат во делот на инспекцискиот надзор, ризикот од корупција би можел да се манифестира пред сè поради недостаток на интегритет кај инспекторите, потоа изложеност на политички влијанија, изложеност на притисоци од влијателни структури (директор или другите претставници од извршната власт), непочитување на законските начела и норми од Етичкиот кодекс на однесување, нелегална дојава за инспекциските надзор до субјектите кај кои истиот треба да биде извршен, фингирано распоредување на предметите за постапување и/или прикривање и непостапување по дојави и претставки, намерно неутврдување на реалната фактичката состојба, прикривање на презентираните факти и докази при надзорот, намерно одолговлекување на инспекциските постапки, намерно недонесување на инспекциска мерка, злоупотреба на начелото на самостојност без да се

почитува начелото на законитост, а сè со цел остварување на личен интерс или стекнување на противправна имотна корист.

Во делот на јавните набавки фактори на ризик се немање на внатрешни процедури за спроведување на јавни набавки, правната рамка која може да дава можност за корупција заради недоречености, дискреционо право за одлучување, (постапка со преговарање без објавување оглас), недостатокот на интегритет кај лицата кои се вклучени во вршење на процесот на јавни набавки, недоволна обученост или непознавање на законските процедури при спроведување на постапката за јавни набавки, слабо применлив, односно готово непостоечки механизми за надзор на целиот процес, воспоставување на деловни односи со правен субјект што е основан од член на семејство или пак во истото одговорно лице е член на семејството и пракса на неказнивост или слаба казнивост на коруптивното однесување кај јавните набавки.

Во делот на постапките за вработување и унапредување како фактор за ризик се недоследното почитување на утврдените законски норми, невоспоставување на јасен и транспарентем систем за унапредување по заслуги, изложеност на притисоци од влијателни структури (директорот или другите претставници од извршната власт) врз членовите на комисијата за вработување во фазата на Интервјуто (каде може да се фаворизира и да му се даде предност на кандидат со помалку постигнати бодови во претходните фази), недостатокот на интегритет кај лицата кои се вклучени во комисијата за вработување, непознавање на самата процедура за вработување и непознавање на своите законски ингеренции од страна на членовите на комисијата за вработување, утврдување на работно место во Систематизацијата согласно образованието на лицето кое „треба" да биде вработено и др.

Правилното идентификување и расчленувањето и анализата на сите поединечни причини, услови и фактори кои ја овозможуваат корупцијата, претставуваат солиден основ за успешноста сите понатамошни фази во борбата против корупцијата.

## 4.3 Алатки и контролни механизми за надминување на детектираните области

За да се воспостават алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области во ДСЗИ, прво треба да се изготват стратешки документи од типот на План за интегритет на институцијата, Проценка на ризик од институционална корупција, Регистар на ризици, Управување со ризици и сл.

За изготвување на меродавна и функционална Проценка на ризик потребна е соодветна методологија која по својата форма (а делумно и содржина) би била унифицирана за сите институции, толку колку што тоа е реално возможно. Истото важи и за сите други горенаведени документи, кои досега не се изготвувале ниту во ДСЗИ, ниту во најголемиот број на институциите во државата. Малкумина се тие во органите на државната управа кои во моментов поседуваат доволно знаења и вештини за да можат на адекватен начин да ги изготват овие документи. Од тие причини потребна е сериозна заложба на Владата на РСМ за организирање на наменски обуки и за донесување на законска

регулатива кои во континуитет би го поддржале изготвувањето на овие документи на годишно ниво.

Со изготвување на Проценката на ризикот од корупција се овозможува воспоставување на систем за превенција на корупција базиран на докази и се овозможува преку ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на позитивни резултати во борбата против корупцијата. Во ДСЗИ е потребно да се воспостави функционален и ефикасен систем за управување со ризик и да се обезбеди негова успешна имплементација.

## 4.4 Јакнење на капацитетите на ДСЗИ

На самиот почеток на Планот, дефинирани се поимите *Интегритет* и *Корупција*. Според дадената дефиниција може да се заклучи дека овие поими се со спротивставено значење еден на друг и следствено на тоа со јакнење на интегритетот заслабува корупцијата, а од друга страна пак со јакнење на корупцијата се крши интегритетот.

Со цел спречување на корупцијата и одржување и развивање на довербата на институцијата во јавноста, ДСЗИ во континуитет ќе развива политика на јакнење на интегритетот. Интегритетот во работењето на ДСЗИ претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности. Истиот, може да биде личен интегритет и институционален интегритет. Интегритетот на вработените во ДСЗИ, пред сè на инспекторите, наложува нивното работење да биде со јасно дефинирани етички вредности како што се непристрасност, еднаквост, праведност, чесност и почитување на човековите права (начелото на законитост, начело на јавен интерес, начело на еднаквост, непристрасност, објективност, начело на одговорност, начело на материјална вистина, начело на сослушување на субјектите на инспекциски надзор, начело на самостојност, начело на пропорционалност, начело на превенција). ДСЗИ како институција треба да го промовира и личниот интегритет и институционалниот интегритет. Вработените со интегритет, а особено инспекторите со интегритет, треба да претставуваат пример за своите колеги и треба да бидат потстрек во борбата против корупцијата. Оттука, вработените во ДСЗИ, потребно е своето однесување да го усогласат со етичките вредности кои се утврдени во Етичкиот кодекс на административните службеници. Еден административен службеник со интегритет потребно е да поседува знаења и вештини, етички капацитет, решителност и професионалност преку почитување на законските норми, воспоставените правила и процедури. Ваквиот начин на постапување ќе биде во полза на јавниот интерес и ќе придонесе за зголемување на довербата на јавноста. Личниот интегритет на вроботените во ДСЗИ, пред сè на инспекторите го одразува интегритетот на ДСЗИ. Оттука од голема важност е интегритетот на раководниот кадар кој преку воспоставување на високи професионални вредности ќе овозможи доследно почитување на правилата и прописите при постапување на инспекторите. Неопходно е во периодот кој претстои да се работи на јакнење на интегритетот на вработените на сите нивоа преку обуки од областа на интегритет во нивното работење.

Способноста и стручноста на вработените во ДСЗИ го одредува капацитетот на ДСЗИ за справување со корупцијата со посебен акцент на елиминирање на причините што ја

генерираат нејзината појава. Вработените во ДСЗИ потребно е да ги исполнуваат високите барања поврзани со образованието, квалификациите, угледот, личните и професионалните компетенции. Од овие причини и понатаму ќе се продолжи со континуирана и специјализирана обука на вработените во ДСЗИ за работните места на кои се распоредени, со цел успешно извршување на работните задачи во насока на обезбедување зголемена ефикасност во работењето. Обуките ќе се спроведуваат континуирано за сите вработени во ДСЗИ, односно професионалното и стручно усовршување на вработените ќе биде постојана активност, со цел специјализиарање на областа за борба против корупција, како и зајакнување на интегритетот на вработените. Сите вработени се должни стручно да се оспособуваат за работата што ја извршуваат на своето работно место, за стекнување на вештини и знаења низ организирани програми. Усовршувањето на вработените преку континуирана обука е постојана активност. При изготвување на Годишните програми за обука на вработените ДСЗИ, во иднина би требало да се посвети поголемо внимание во годишните програми да се планираат соодветни обуки од областа на антикорупција со посебен акцент на Секторот за инспекциски надзор и Секторот за надзор над детски играчки, козметички производи и предмети за општа употреба, како сектори кои се најизложени на можноста за корупција и коруптивно однесување. На овој начин ќе се овозможи стекнување на знаења и способност за препознавање на злоупотребите и ќе се обезбедат соодветни техники за отпорност кон корупција. Во реализирање на овие активности значајна е улогата на раководителите кои преку личен пример ќе наметнат вредности кои ќе влијаат на намалување на корупцијата.

## 4.5 Навремено постапување

Што се однесува до навременото постапување во врска со остварувањето на потребните услуги кон правните и физичките лица, во делокругот на работењето на ДСЗИ тоа би можело да се однесува на инспекцискиот надзор, на издавањето на одобрение за увоз на предмети за општа употреба, козметички производи, средства за хигиена и детски играчки, одобрението кое се добива за исполнети ХТП услови и спроводниците за починато лице.

Инспекцискиот надзор се спроведува во согласност со месечниот план за работа на секој инспектор на ДСЗИ или по писмена наредба на директорот, како и по налог издаден од Инспекцискиот совет. Инспекторите имаат обврска да ги почитуваат законските рокови за подготвување на записници и донесување на инспекциски акти кои произлегуваат од инспекцискиот надзор. Почитувањето на овие законски рокови е составен дел од критериумите за успешност на инспекторите и точка 3 во Образецот за оценување. Според тоа што досега е приложено од инспекторите кога го пополнуваат Образецот и според прикажаното во Регистарот на извршени инспекциски надзори (РЕГ-6-РИН), произлегува дека законските рокови во ДСЗИ апсолутно се почитуваат во сите инспекциски надзори кои се спроведени согласно новиот ЗИН.

При работата во врска со издавањето на одобрение за увоз на предмети за општа употреба, козметички производи, средства за хигиена и детски играчки се користи едношалтерскиот систем EXIM, кој овозможува електронско поднесување на барањата и

пропратната документација со што значително се заштедува времето, се намалуваат трошоци на кои се подложни економските субјекти и се зголемува ефикасноста во процесот на издавање на дозволи. Доколку поднесената документација е целосна и исправна, а досегашното искуство укажува дека тоа е така во над 80 % од случаите, инспекторите кои работат на увоз, можат веднаш да ги процесуираат барањата и одобрението може да се добие за 5 минути. Во случаите кога документацијата е нецелосна, предметите се решаваат тогаш кога странката ќе го комплетира барањето со сите потребни документи.

Барањата за утврдување на минимални санитарно-хигиенски услови, таканаречени ХТП се поднесуваат кај инспекторите во подрачното оделение на кое се наоѓа деловниот простор и се решаваат во најкус можен временски рок по нивното примање.

Барањата за одобрение за пренос на тело на починато лице, таканаречени спроводници, поради сериозноста на самиот акт и тежината и емотивниот набој кој го носат за членовите од семејството, исто така се решаваат во најкус можен рок од страна на инспекторите на ДСЗИ.

## 4.6 Почитување на законските прописи

При извршувањето на работните задачи вработените во ДСЗИ потребно е да одржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и да се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди. Потребно е да обезбедуваат непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи, при што на граѓаните и на правните лица ќе им овозможат заштита и остварување на правата а тоа да не биде на штета на други граѓани и правни лица, ниту во спротивност со јавниот интерес. Работните задачи потребно е да се вршат политички непристрасно, без влијание на личните политички уверувања, финансиски интереси, со доследно почитување на целите, угледот и интегритетот на ДСЗИ.

Кодексот за административни службеници предвидува обврски за административните службеници, при вработувањето, да потпишат изјава за прифаќање на Декларацијата за заедничка мисија на вработените во јавниот сектор. Секој инспектор и административен службеник потребно е да има висок степен на познавање на Кодексот за административни службеници, каде е утврдено дека административните службеници (што значи и инспекторите) не смеат да се поставaт во материјална или друга зависност од други лица или органи, административните службеници не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корист, а имаат обврска да се спротивставуваат на сите форми на корупција во рамките на ДСЗИ. Со овој Кодекс се пропишуваат етичките стандарди и правилата на однесување на административните службеници, кои ги применуваат во односите со колегите, со претпоставените и со странките, на неговото работното место, но и во приватниот живот и јавноста. Целта на овој Кодекс е поттикнување на доброто постапување и однесување на административните службеници (и инспекторите)

со што ќе се зајакне довербата на граѓаните во работата на ДСЗИ и воопшто на институциите од јавниот сектор. Административните службеници своите работни задачи да ги извршуваат посветено и професионално врз основа на компетенции, правила и процедури од службата, при тоа работејќи непсистрасно, обезбедувајќи еднакви стандарди при испорачување на услугите. Административните службеници, при вршење на своите приватни работи да не го користи стаусот на службеник заради остварување на лична корист и злоупотреба на службена должност. Со цел подигнување на довербата на граѓаните како и транспарентност и отчетност на ДСЗИ, секој вработен е должен да обезбеди соодветни, навремени и целосни информации во делокругот на своето работење, при тоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци. Службениците во јавните настапи во кои ја претставуваат инситуцијата изнесуваат исклучиво официјални ставови во согласност со прописите и законите, додека во јавни настапи во кои не ја преставуваат институцијата не смеат да изнесуваат податоци од делокругот на својата работа и работното место, со што би се нарушил угледот, довербата и политичката непристрасноста кон граѓаните. За таа цел потребен е системски пристап кој ќе овозможи Кодексот за административни службеници да биде разбран, прифатен и целосно имплементиран од сите вработени во ДСЗИ.

Директорот на ДСЗИ, како носител на јавна функција потпишува изјава со која потврдува дека ќе се придржува кон Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата. Со овој Кодекс пак, се уредува начинот на однесување и работење на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министрите, замениците на министрите и другите носители на извршни функции именувани од Владата на Република Северна Македонија, заради обезбедување на почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, ефикасноста, лојалноста, одговорноста, транспарентноста и заштитата на човековите права и слободи, при вршење на нивните функции, односно должности во рамките на Уставот, законите и меѓународните договори, ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија. Цел на овој Кодекс е обезбедување на јакнење на интегритетот на Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, како и на правните лица основани од Владата и јакнење на довербата на граѓаните во нивната работа. Според Кодексот за етика на Владата, директорот на ДСЗИ како јавен службеник назначен од Владата е должен:

- да потпише изјава со која ќе потврди дека ќе се придржува кон Владиниот законик додека ги извршува своите должности;

- да избегнува каков било судир на интереси;

- да обезбедат механизми за усогласеност на сите вработени, со законските прописи во институцијата со која раководи;

- при учество во партиски активности, не треба да се загрозува професионалноста и достапноста на јавната функција;

- да ја почитува професионалноста и непристрасноста на вработените во ДСЗИ и воопшто во јавниот сектор и во никој случај да не ги упатува да постапуваат спротивно на законот; итн.

## 4.7 Зајакнување на доверба и мотивирање да пријават корупција

Сузбивањето на корупцијата е долготраен процес кој бара упорност, професионален однос и меѓусебна соработка на ДСЗИ со граѓаните. Нивото на поддршка која инспекторите ќе ја добијат од граѓаните зависи од степенот на нивната меѓусебна доверба, кој пак ќе зависи од ефективноста на спроведување и извршување на своите должности, професионално, правично и чесно. Граѓаните од инспекцијата која има обврска да го спроведува законот очекуваат да биде прва во почитување на истиот. Ваквиот меѓусебен однос ќе доведе до зголемена доверба помеѓу граѓаните и инспекторите што само по себе ќе резултира со зголемена ефикасност во постапувањето на инспекторите. Корупцијата негативно влијае на довербата на јавноста во инспекциските служби. Оттука е неопходна зголемена транспарентност на ДСЗИ во однос на преземените мерки за откривање и санкционирање на сите форми на корупција и јасно декларирани пораки дека инспекторите имаат сериозен и сеопфатен пристап во борбата со корупцијата. ДСЗИ ќе работи на унапредување на соработката со невладиниот сектор и здруженијата на граѓани во насока на подигнување на свеста кај граѓаните дека корупција во инспекциските служби е неприфатлива и најефективен начин за нејзино сузбивање е пријавување на сторителите.

Од големо заначење е да им се стави до знаење на сите можни укажувачи дека процесот на заштитено откривање на информации, правата на укажувачите и должностите на надлежните институции се уредени со Законот за заштита на укажувачите. Укажувачите се законски заштитени од одмазда и уживаат анонимност, како и доверливо ракување со доставените информации. Идентитетот на укажувачите не може да се открива без нивна согласност и на укажувачите им се гарантира заштита од кривично гонење или каква било друга одговорност за откривање на информации коишто посочуваат на коруптивни дејства.

Заштитеното пријавување може да се изврши како:

- заштитено внатрешно пријавување (директно пријавување во ДСЗИ),

- заштитено надворешно пријавување (пријавување во Министерството за внатрешни работи, ДКСК, Народен правобранител итн.)

- заштитено јавно пријавување (објавување на информациите во јавноста).

ДСЗИ согласно законските прописи има назначено овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување и во случај да прими пријава треба понатаму да ја проследи и да ги преземе сите активности опишани во Законот за заштита на укажувачите.

ДСЗИ ја препознава важноста и улогата на Законот за заштита на укажувачите, показател за тоа е секако и назначеното лице за внатрешно пријавување, но сепак во иднина, за негово целосно и доследно имплементирање, потребно е одржување на обуки за вработените во ДСЗИ во соработка со ИС и ДКСК.

## 4.8 Контрола на јавните набавки

Со цел да се обезбеди транспарентност и интегритет во процесот на јавните набавки, потребно е доследно почитување на Законот за јавни набавки, кој ја дефинира правната рамка за постапките кон кои треба да се придржуваат лицата кои се вклучени во јавните набавки. Оваа правна рамка ги утврдува должностите на директорот како одговорно лице и на вработените во ДСЗИ, кои се членови на Комисијата за јавни набавки. Главните должности се:

- сите упатства во врска со постапката треба да бидат доставени до вработените во писмена или во електронска форма;

- секое лице ангажирано во јавниот орган, кое има информации за предмет поврзан со корупција е должно да го извести ДКСК или Јавното обвинителство;

- членовите на Комисијата за јавни набавки, како и одговорното лице на јавниот орган потпишуваат изјава за непостоење на судир на интереси или, во случај на постоење, ќе се повлечат од работата во Комисијата;

ДСЗИ како буџетски корисник ќе работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во менаџирањето со финансиските ресурси. Посебно внимание ќе посвети на анализата на недореченостите и пропустите во процесот на јавните набавки. Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во управувањето со финаниските ресурси на ДСЗИ. Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е постојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни политики, процедури и стандарди во борбата против корупцијата. Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набавки како што се принципот на:

- еднаков третман и недискриминација што значи забрана за фаворизирање на одредени субјекти;

- транспарентност која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки;

- рационално и ефикасно искористување на средствата кое подразбира да се добие најдобра вредност за потрошените пари.

Оттука неопходно е доследно почитување на законската рамка за јавни набавки и усогласување на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика.

За спроведување на контрола и надзор над реализирањето на договорите за јавни набавки во ДСЗИ е надлежно Одделението за ревизија. Иако оваа одделение сме законски обврзани да го вметнеме во Правилникот за систематизација, во моментов во него нема ниту едно вработено лице. Одделението за ревизија би требало да креира сеопфатен стратегиски пристап кој ќе ги намали ризиците од корупција во јавните набавки во ДСЗИ. За да се овозможи тоа неопходно е одделението да профункционира и да биде екипирано со потребните административни капацитети.

Исто така, неопходно е следење на спроведувањето на правилата за транспарентност, правото на пристап до информации и спречување на судир на интереси, како и систематска проценка на ризикот и поставување приоритети во контролата на јавните набавки. Со цел елиминирање на било какво коруптивно однесување во процесот на јавните набавки, од страна на сите вработени треба доследно да се почитува интерната Процедура за начинот и постапката на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки во ДСЗИ, која ја донесува директорот на ДСЗИ. Со почитување на Процедурата и покажување на висок степен на транспарентност на процесот на јавни набавки, ќе се елиминираат сите влијанија и можности за било какво коруптивно однесување. Следствено на тоа за непочитувањето на Процедурата ќе сноси одговорност секој вработен во ДСЗИ и/или одговорното лице во ДСЗИ.

## 4.9 Зајакнување на меѓуинституционална соработка

Корупцијата како константна закана за стабилноста на државата потребно е во континуитет да се пресретнува и совладува со сите законски и институционални алатки како на превентивен така и на репресивен план. Во таа насока е зајакнувањето на меѓуинституционалната соработка и воспоставување на непосреден контакт помеѓу ДСЗИ и клучните чинители задолжени за справување со корупијата, со што ќе се овозможи навремена и квалитетена размена на информации и сознанија за корупција кои ќе резултираат со ефикасно санкционирање на извршителите. Потребно е јакнење на капацитетите на ДСЗИ за борба против корупцијата и развивање на соработката пред сè со седумтте институции кои се надлежни за борба против корупција, а тоа се:

- Министерството за внатрешни работи;
- Управата за јавни приходи;
- Царинската управа;
- Управата за финансиско разузнавање;
- Управата за финансиска полиција;
- Инспекцискиот совет; и
- Министерството за правда.

Сигурно дека ќе од големо значење ќе биде и соработката со Државната комисија за спречување на корупција, потоа Основното јавно обивинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, останатите инспекторати и други институции, затоа што борбата против корупцијата бара постојан ангажман на сите релевантни тела во земјата кои постапуваат согласно нивните законски утврдени надлежности. Оттука,

меѓуинституционалната соработка на ДСЗИ ќе биде водечка сила во борбата против корупцијата.

Во овој правец е и поврзувањето со Платформата за интероперабилност, која овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Со непречениот проток на информации преку Платформата за интероперабилност, се намалува времето потребно за пренос на информациите помеѓу институции, со што се олеснува протокот на електронски информации кои се потребни за обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите. Ваквата размена на податоци ја зголемува ефикасноста при работењето и го зголемува задоволството од услугите кои се нудат и секако не остава простор за понатамошни манипулации.

При спроведување на барањата за интегритет, ДСЗИ во иднина би можел да побара помош од ДКСК и од други специјализирани државни институции или граѓански организации, за поддршка при подготвување на упатства, методологии, софтверски решенија и други средства, кои ќе помогнат во примената на алатките за интегритет и антикорупција. На пример:

- упатства за управување со судир на интереси, упатства за пополнување на изјавата за имотна состојба и интереси, за обезбедување на бесплатен пристап до информации или за постапување при заштитено пријавување,

- методологии за проценка на институционалниот интегритет на ДСЗИ,

- одржување на курсеви и обука за интегритет и антикорупција,

- софтверски решенија за анкети против корупција, за е-учење на теми поврзани со интегритетот, за следење на спроведувањето на одреден Акциски план од страна на вработените и др.

## 4.10 Јакнење на алатките за отчетност

Преку јакнењето на алатките за отчетност и транспарентност во ДСЗИ, се цели кон спречување на злоупотребата на службените овластувања, спречување на политичкиот авторитет да ја злоупотреби и наметне својата контрола врз инспекторите, се цели кон унапредување на интегритетот на инспекторите и зголемување на довербата на граѓаните во професионалноста и ефикасноста во работењето на инспекторите. Под транспарентност и отчетност при работата, се мисли на сите прашања од делокруг на надлежностите на ДСЗИ, односно на јавноста треба да и бидат лесно достапни политиките, законите, буџетите и информациите за донесените одлуки и активности на Инспекторатот. Од оваа причина јасна е заложбата на ДСЗИ преку зајакнување на овие алатки да се позиционира како транспарентна институција и да биде пред сè, јавен сервис и услуга отворена и достапна за граѓаните, секогаш соодветно да одговори на сите прашања и успешно и совесно да се справи со сите посочени критиките на јавноста.

Во овој поглед ДСЗИ ќе продолжи навремено и континуирано да ги објавува на својата веб страна сите документи за кои е задолжена со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. На веб страната, помеѓу останатото, веднаш по откривањето на небезбедните играчки и во иднина ќе се продолжи со применување на практиката на објавување на нивна фотографија заедно со сите дополнителни информации кои би биле од полза за заштитата на здравјето на децата. Ќе се продолжи со објавување на сите информации поврзани со јавните набавки, почнувајќи од Годишните планови за јавните набавки на ДСЗИ, објавување на огласите, склучените договори, па сè до реализираните договори. На веб страната исто така се достапни и секогаш кога за тоа има потреба ажурирани стратешките документи поврзани со работењето на Инспекторатот, како што се стратешките планови, Функционалната анализа, годишните (програми) планови за работа, Буџетот на инспекторатот, извештаи за работењето на Инспекторатот од разни области, Кодексот за административни службеници, организациската структура на Инспекторатот и други информации од јавен интерес. Ќе се разгледа можноста за повторно пуштање во функција на Фејсбук страницата на Инспекторатот, која особено помогна во пикот на пандемијата со Ковид 19, со тоа што јавноста имаше можност брзо и навремено да се информира за работата на Инспекторатот и актуелните мерки кои се препорачуваа.

Граѓанските организации мора да учествуваат во борбата против корупцијата, со тоа што ќе бараат отчетност, транспарентност но и со нивно вклучување во донесувањето на одлуките, како и со искористувањето на непосредната врската која тие ја имаат со граѓаните при адресирање на проблемите од областа на корупцијата. Во контекст на тоа е и проектот ACTION SEE, финансиран од Европска Унија, со кој беше опфатен и ДСЗИ заедно со 50 други институции во државата. Имено, фондацијата за интернет и општество Метаморфозис, во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, во изминатиот период преку прашалници доставени до институцијата, како и преку онлајн мониторинг на веб-страниците на институциите, го следеше спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност, кој беше изготвен согласно Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија. Секако дека овие проекти се добродојдени и во иднина, затоа што преку евалуацијата која тие ја спроведуваат, може да се согледа каква е состојбата со транспарентноста во државните институции, но и воопшто ставот и односот на самото општество во целост во поглед на транспарентноста и барањето на отчетност од одговорните институции.

И на крајот, поаѓајќи од обврската јавноста да биде информирана за работи и настани од јавен интерес, ДСЗИ преку разни форми на комуникација ќе продолжи да им овозможува пристап до информации на претставниците од сите медиуми и на сите други заинтересирани страни, водејќи се од начелото на непристрасност, транспарентност, отчетност и недискриминација по било кој основ.

## 5. Акциски план на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2023 година

| Р. Бр. | Цел | Активност | Носител | Рок за имплементација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јакнење на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупцијата | Обуки за инспекторите и останатите вработени во соработка со Инспекцискиот совет, ДКСК, МИОА и други надлежни институции | Директор/ раководители/ одделение за човечки ресурси | Континуирано |
| 2 | Примена на законската регулатива со која која се регулира борбата против корупцијата | Навремено и законито изрекување на адекватни инспекциски мерки за утврдените недостатоци, доставување на веродостојни извештаи за извршените инспекциски надзори, за изречените мерки и за исходот од изречените мерки | Сите инспектори | Континуирано |
| 3 | Почитување на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата | Запознавање со одредбите од Кодексот и нивно целосно применување | Директор | Континуирано |
| 4 | Почитување на Етичкиот кодекс на административните службеници | Запознавање со одредбите од Кодексот и нивно целосно применување | Сите вработени во ДСЗИ | Континуирано |
| 5 | Зголемување на транспарентноста на институцијата и доследно спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Навремено објавување на сите документи на ДСЗИ од јавен интерес согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Директор/ Овластено лице за пристап до информации од јавен карактер/ Лице назначено за оддржување на веб-страната на ДСЗИ/ Сите вработени кои изготвуваат документи од јавен интерес | Континуирано |
| 6 | Воспоставување на Систем за управување со ризици за | Изработка на Регистар на ризици, План за интегритет | Директор/ Раководители/ | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | појава на корупција | на институцијата и сите потребни документи за правилно функционирање на Системот како и обука на вработените за изготвување на истите | | |
| 7 | Зајакната контрола и надзор на јавните набавки и процесот за управување со јавните финансии | Обуки на вработените кои учествуваат во спроведување на јавните набавки и на лицата кои управуваат со финансиите, изготвување на процедури при спроведувањето на јавните набавки и управувањето со финасиите и кадровско екипирање на Одделението за ревизија | Одделение за финансиски прашања/ Вработени кои учествуваат во спроведувањето на постапките за јавни набавки | Континуирано |
| 8 | Целосна примена и доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачи | Обука за овластеното лице за постапување по пријавите, информирање на вработените за одредбите од Законот | Овластено лице за постапување по пријавите/ Директор | Континуирано |

## 6. Завршен дел

Годишниот план за проценка на ризици од корупција во Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2023 година се објавува на веб страната на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Носители на активностите предвидени во Планот се: директорот на ДСЗИ, раководителите на секторите и одделенијата, како и сите вработени во Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Надлежен да ја следи реализацијата на Годишниот план и активностите утврдени во истиот е директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Годишниот план за проценка на ризици од корупција во Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2023 година влегува во сила со денот на неговото донесување.